Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1074/05
8.12.2005 год.
Скопје

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ

Општа социологија (современи социолошки теории, социолошки теории за заедницата и социологија на општествените движења), Социологија на политиката (социологија на политиката, социологија на граѓанственоста и теории на ненасилството), Политички систем (Политички систем на РМ со основи на човековите права и политички институции на ЕУ) и Социјална политика (Цивилното општество и социјалната политика) на Филозофскиот факултет, УКИМ, Скопје.

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата II редовна седница одржана на седница 16. Ноември 2005 година не избра за членови на Комисијата за избор на наставник (во сите звања) за научните области Општа социологија, Социологија на политиката, Политички систем и Социјална политика на филозофскиот факултет. Заблагодарувајќи се на довербата, Комисијата во состав Проф. д-р Јован Корубин, Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски и Проф. д-р Билјана Ванковска, по разгледување на пристигнатите пријави на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во "Утрински весник " од 26 септември 2005 година се пријави само кандидатот д-р Ило Трајковски, вонреден професор при Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Ило Трајковски е роден на 28. IV 1960 година во Рапеш, Битолско. Основно образование и гимназија завршил во Битола. Факултетското образование го оформил на Филозофскиот факултет во Скопје во 1983 година, на Институтот за социологија, со просечна оценка 9,6. Постдипломски студирал на Правниот Факултет во Белград, на Државниот универзитет на Аризона во

Темпи, САД, а ги доврши на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, во 1991 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов *Концептуалната структура на постиндустријализмот*. Со научното звање доктор на социолошки науки се стекнал на Филозофскиот факултет во Скопје, во ноември 1995 година, кога ја одбранил докторската дисертација со наслов *Метасоциологијата на современите теории за граѓанското општество*.

Работниот ангажман го започнал во 1984 година како професор во средното економско училиште "Јане Сандански" во Битола. Во текот на 1986/87 година претстојувал на Институтот за социологија на Државниот Универзитет на Аризона, во Темпи, САД, каде по завршувањето на студискиот престој бил ангажиран како асистент-истражувач на проф. д-р Џорџ Томас во реализацијата на научно-истражувачкиот проект "Фактори за експанзија на издатоците за социјално осигурување."

Во периодот од 1985 до 1996 работи при Инситутот за социологија, Филозофски факултет, Скопје: најпрво (1985-1986) како приправник, потоа како помлад асистент (1987-1992) и како асистент (1992-1996). Во овој период учествувал во изведувањето на вежби по предметите: социологија на селото, методологија на социолошките истражувања, статистика, политичка социологија, општа социологија и историја на социологијата, а во 1994 година бил ангажиран како асистент во настава по предметот Политичка социологија. За доцент е избран во 1996 година на Институтот за социологија, при Филозофскиот факултет. Во овој период изведувал настава по предметите Увод во социологијата (Основни поими во социологијата), Политичка социологија, Современи социолошки теории, Политички систем на РМ со основи на човеквите права и Теории на ненасилството.

Во овој период објавил четиринаесеттина авторски трудови и четиринаесеттина преводи на статии од странски на македонски јазик, учествувал во четири научно истражувачки проекти, десеттина домашни и меѓународни конференции и симпозиуми. Бил ментор на докторски и магистерски трудови, раководител на акционен проект на Институтот за социологија (Образование за граѓанско општество), член на совет на постдипломски студии и заменик раководител на Институтот за социологија.

Во овој период учествувал во три научно-истражувачки проекти (од кои во два како раковидител); Учествувал во повеќе стручни тела и комисии на факултетот, во Министерството за образование и Советот на Европа; Објавил преводи на шест стручни текстови од областа на политичката социологија, човековите права и граѓанското образование; Со свои соопштенија учестувал на осум научни симпозиуми и конференции; Објавил две книги (Граѓанско содружништво и Социологија: што е и како се практикува); Уредник и коавтор на две книги (Теории на ненасилство и Граѓанското образование во РМ); Коавтор на еден учебник (Социологија, ур. Б. Петровска) и коавтор на Социолошки терминолошки речник; Објавил шест статии и петанеаеттина авторизирани интервјуа и текстови во повеќе весници во земјата; Во овој период објавил и девет трудови во странство или на странски јазик.

Во 2001 година е избран за вореден професор на Филозофскиот факултет, по предметите Основни поими во социологијата, Политички систем на РМ со основи на човековите права, Политичка социологија и Современи социолошки теории. Од изборот во вонреден професор до денес остварил бројни наставни, научни, стручни и јавни активности.

## НАСТАВНО-НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ЈАВНИ АКТИВНОСТИ ПО ИЗБОРОТ ЗА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

### I. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### А. Наставно-научна дејност на Факултетот

Кандидатот д-р Ило Трајковски реализирал настава на додипломските студии на институтутите за социологија и за социјална работа и социјална политика (по предметите Увод во социологијата, Политичка социологија, Политички систем на РМ со основи на човековите права, и настава на постдипломските студии на спомenатите два институти и на институтот за одбрамбени и мировни студиии (Современи социолошки теории, Политичка социоллгија и Теории на ненасилството). Истовремено бил ментор на изработка на два магистерски трудови, член на неколку комисии за одбрана на магистерски труд, член на комисија за одбрана на докторска дисертација како и ментор и член на повеќе дипломски работи.

## Б. Наставно-научна дејност надвор од Факултетот

Проф. д-р Ило Трајковкски бил чест и уважен предавач на бројни наставни активности на институции надвор од Филозофскиот факултет, во земјата и во странство: Тој е наставник по Политичка социологија (постдипломски студии, ИСППИ, Скопје), учествувал во подготовка на заедничка наставна програма по предметот Социологија на граѓанското општество и граѓанското образование, со колеги од Универзитетот во Софија (http://www.uni-sofia.bg/faculties/philosophy/soc/dbase/courses/citizen.doc), како гостин-професор, на Универзитетот Св. Климент Охридски, Софија, Институт за социологија, одржал предавања на тема Социологија на граѓанственоста, бил организатор и предавач на меѓународна летна школа (Human Rights and Human Wrongs in Southeastern Europe, 25 August-8 September 2002, Ohrid) во соработка со ETC-Graz; Бил визитинг истражувач и предавач на познатата Лондонска школа за економија и политички науки, каде што предавал на тема Политичката стигматизација на граѓанското содружништво во постсоцијалистичка Македонија и подготвил наставна програма по предметот Социологија на граѓанственоста (LSI (http://www.lse.ac.uk/Depts/global/Publications/epool/93Trajkovski.pdf).

## II. Истражувачки активности

Во овој период д-р Ило Трајковски раководел или учествувал во десет истражувачки активности со домашни и странски партнери во различни области: Образованието за демократско граѓанство и за почитување на различноста (истражување во рамките на проект на Советот на Европа); Групните интереси и граѓанското содружништво (споредбено истражување во рамките на меѓународниот проект Иновативна социологија (www.uni-sofia.bg/faculties/philosophy/soc/dbase/survey2/tables.doc); Податоци и индикатори за општините во Македонија (УНДП/Министерство за локална самоуправа www.stat.gov.mk/pdf/undp-stat/publikacija2/01); Сондажа на јавното мислење на студентите на филозофски факултет (заедно со Проф. М. Поповски); Локалниот развој на општините Радовиш, Конче и Подареш (Светска Банка и Агенција за развој); Граѓанскиот сектор во Македонија (DA, Washingotn, USA, www.usaid.org.mk/Art/Macedonia_Civil_Society_Final_Report.pdf); Социјалниот сектор и

ХИВ/СИДА во Македонија: Анализа на состојбите (УНДП); Системот за водоснабдување во Скопје: Социјална анализа (Светска Банка); Оценка на социјалните потреби и мапирање на запоставените заедници во Македонија, заменик (Проект за развој на општините, Министерство за финансии и Светска Банка); Обезбедувањето на квалитетот во обраованието во Македонија (CEPS Lubljana и UNESCO).

**III. Стручни активности**

По оваа рубрика, д-р Трајковски наведува дваесеттина остварени долгорочни и среднорочни и краткорочни активности. Во дел од нив се јавува како *консултант* или *експерт* на повеќе домашни и странски истражувачи и развојни агенции (USAID, Светска банка, ГТЗ, Совет за радио дифузија, Советот на Европа), како член на тим на акциони проекти (Намалување на сиромаштијата, ) координатор (HRC-NET, WUS Austria, 2000-2004), *предавач* на семинари за обука (ИОМ, Фонд за социјални инвестиции/Проект за развој на општините и Центар за континуирано образование, Форум-центар за стратегиски истражувања, Kultur-kontakt и Биро за развој на образованието/ Министерство за обрзование, British council, CEPS Словенија), *преведувач* на повеќе стручни текстови од англиски на македонски), редактор на зборник (Жените во 21 век); ментор на студенти Роми, член на меѓународен проект за развој на Високото образование на УКИМ (www.navreme.net) и други.

Исто така, во пријавата кандидатот наведува и документира четиринаесет членства во домашни и странски професионални здруженија, фондации, јавни тела, комисии, совети, одбори, манифестации, член на Сенатот на УКИМ и сл.

**IV. Учество на семинари, симпозиуми, конференци и конгреси**

Увидот во списокот на активности од овој тип покажува дека кандидатот учествувал на дваесеттина семинари, симпозиуми и конференции. Од тоа петнаесет во странство и пет во земјата. Овој тип на активности е во врска со областите од неговиот поширок наставен и научен интерес (граѓанското образование, политиката, граѓанското содружништво, современата социологија, човековите права, мултилултурализмот и други).

## V. Објавени трудови

Кандидатот Проф. д-р Ило Трајковски во анализираниот период како автор или како коавтор ги објавил следните книги и студии.

***Книги***

*Автор*:

- *Политика на човековите права: I дел основни поими*, Филозофски факултет, Скопје, 2005.
- *Знаењето и општеството: Теории за постиндустриското општество*, Филозофски факултет, Скопје, 2004
- *Социолошка критика на безнадежноста: збирка колумни 2004-2005*, Матица, 2005.

*Коавтор*:

- *Ljudska prava za nepravnike* (ur. Prof. N. Vucinic, Prof. V. Spajic-Vrkas, S. Bjekovic) Podgorica: Centar za ljudska prava Univerzitet Crne Gore, 2003
- *Социологија* (учебник за ИВ година гимназиско образование), со Трајан Крстевски и Зоран Петрушевски, Битола: Гоцмар, 2005
- *Мултикултурализмот во Македонија: Модел во настанување* (ур. Иван Додовски), Скопје: ФИОМ, 2005 (преведена на англиски: Multiculturalism in Macedonia: An Emergining Model, ed. I. Dodovski. Skopje: FIOM, 2005)
- *Македонија во глобализацијата* (ур. Наталија Николовска) Скопје: Економски факултет (преведена на англиски: Macedonia on Globalization, ed. N. Nikolovska, Ney York: Global Scholarly Fond, 2004)

**Студии:**

- *Социјално економските диспаритети меѓу општините во Македонија*, книга 1, 2, 3, 4, со В. Јаневска, А. Драговиќ, Д. Богоев и А; Ивановски, Министерство за локална самоуправа, Завод за статистика и УНДП-Скопје, Скопје 2004 (преведена на англиски: Socio-economic Disparities among Municipalities in Macedonia, 1,2,3,4 with V. Janevska and others. Skopje: Ministry of Local Self Government, State Statistical Office, UNDP, Skopje, 2004)
- *Стопанскиот развој на општините Радовиш, Конче и Подареш*, (со Х.

Карталов. Р. Кукатанов и други) Радовиш: Единиците на локална самопуправа, 2004 (преведена на англиски Economic Development of the Municipalities of Radovish Konce and Podaresh, with H. Kartalov, R Kukatanov and others. Radovish: Local Self Government Units of Radovish, Konche and Podaresh, 2002)

- *Policy for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in South East Europe: Country Report*: "the Former Republic of Macedonia" (на македонски *Политиката на Република Македонија кон образованието за демократско граѓанство и за почитување на различноста 1991-2001* - извештај, Скопје, 2002)

**Трудови во зборници и периодика**:

- "*The Politics of Post-Communist Civil Society: From Self-Governing Republic' to 'the Fifth Column'*) во, The Consequences of Transition, (ed. by M. Niezgoda, Krakow: Jegielonina University, Institute of Sociology, 2004.
- "*O potrebi drugačijeg analitičkog okvira od onog kojeg nudi tranziciska paradigma*" во Dijalozi o tranziciji u demokratiju (приредил R. Bubalo), Novi Sad: HCIT, 2005:117-120
- "Политичка партиципација" Социолошка ревија, бр. 1-2, 2004: 37-48
- "The Place and the Role of Civic Education in the Republic of Macedonia", Online Journal for Social Sciences, 2003-2 (www.sowi-online.de/journal/2003-2/macedonia_**trajkovski**.htm) печатена верзија во прилог.
- "Zvogëlim i varfërisë ose përforcim i kumbit" (albanski, Forumi Multietnik, Nr. 15. Djetor, 2004).

Во публицистичката дејност на кандидатот Проф. д-р Ило Трајковски посебно место заземаат и неговите преводи на значајни социолошки дела и студии:

- *Оксфордски речник по социологија* (со В. Плушковски), од Г. Маршал, Скопје: МИ-АН. 2004
- *Забеган свет, од А. Гиденс*, Скопје Филозофски факултет, 2004
- "Модерна Европа или општество на знаењето" во Социолошка ревија, бр. 1-2, 2004: 97-129

## ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА ПОВАЖНИТЕ ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ПО ИЗБОРОТ ЗА ДОЦЕНТ

Од бројните авторски и коавторски постигања на кандидатот Проф. д-р Ило Трајковски објавени на македонски и странски јазик како поважни и поилустративни примери за темелноста и оригиналноста на неговите трудови издвојуваме неколку книги.

Книгата **Политика на човековите права**: I дел основни поими е обзјавено во издание на Филозофски факултет и е најновото дело на кандидатот Проф. Ило Трајковски. Таа претставува прв дел од замисленото тротомно дело чија што основна намена е да служи како учебник за одделни делови од содржините по предметите Политички систем и политичка социологија кои Трајковски ги предава на Филозофскиот факултет. Во книгата на 214 страници на оригинален и методски современ и издржан начин се обработени осоновните поими на теоријата за политиката од аспект на идејата за човековите права.

Промислувањето на политиката, односно на политичките процеси и политичките институции од гледна точка на човековите права е современ пристап кон политичките појави. Неговата значајност се илустрира со фактот дека човековите права денес се главната идеја со која се осмислува не само општествената организација туку и меѓународните односи и политики. Трудот е оригинален со тоа што ја докажува вредноста на социолошкиот пристап кон политиката на човековите права. Трудот е замислен и изведен како прв дел од едно пообемно - тротомно - дело. Во овој дел се обработуваат основните поими на политиката на човековите права. За таа цел обработени се седум поими, во седум глави. Секоја од нив може да се чита и обработува самостојно, но и како дел од целината. Секоја глава е комплетна целина лоцирана во општата рамка.

*Првата глава* ја обрботува социогенезета на политиката како општествена појава. Врз основа на тој пристап се прикажани три историски формирани поими за политиката: политичко општество, политичка држава и политички систем; Втората глава ги обработува поимите моќ и власт и со нив поврзаните поими за владеењето и управувањето. Во оваа глава се укажува на влијанието на човековите права врз односите на моќ и власт; Третата глава е сосредоточена на државата - поимот, настанокот, функциите на современата држава и организацијата на државната власт, општо и како последица човековите права и слободи. Четвртата глава за свој предмет го има поимот

политички систем. Обработени се прашањата за структурата, функциите и детерминантите на политичкиот систем; Петтата глава го обработува поимот за демократијата како облик на политичко владеење кој е во функција на остварувањето на човековите права и слободи. Шесттата глава го тематизира поимот човекови права - неговата генеза, политичка, односно демократска, но и хуманистичка вредност, неговите политички импликации и сл.; Седмата глава го обработува поимот граѓанственост. Во согласност со прифатениот политичко социолошки пристап, граѓанственоста се прикажува како социоонтологија на човековите права и слободи.

Книгата **Знаењето и општеството: Теории за постиндустриското општество** (161 стр,) обработува прашања од областа на современата социолошка теорија. Предмет на анализа се теориите за постиндустриското општество развиени од социолозите Ален Турен, Андре Горц и Даниел Бел. Овие теории се обработени и прикажани во поширокиот историски и интелектуален контекст во кој се појавија во текот на седумдесеттите и осумдесеттите години на дваесеттиот век. Во првиот дел се обработува предисторијата на постиндустријализмот, во втората хевристиката на постиндустријализмот, во третиот емпириско аналитичките вредности на постиндустријализмот и во четвртиот неговото влијание врз развојот на современата социологија.

Книгата **Социолошка критика на безнадежноста** (214 стр.) претставува збирка од колумни кои кандидатот ги пишувал во дневниот весник *Време* во периодот од 2004 до 2005 година. Со овој вид на активност кандидатот направи успешен обид да ја извади социолошката анализа надвор од академските рамки и да ја претстави на пошироката македонска јавност како ангажиран и полемички интелектуален потфат.

Книгата **Социологија** е учебник за IV година гимназиско образование и е напишан во коавторство со двајца средношколски наставници. Книгата е работена според соодветната наставна програма и на методски издржан и креативен начин обработува повеќе социолошки теми.

Во книгата **Мултикултурализмот во Македонија: Модел во настанување,** Трајковски учествува со авторскиот прилог "Национализмите и мултикултурализмот во Македонија: состојби и перспективи". Во него се анализираат акрументите за и против мултикулурализмот во Македонија. Авторот, овде на научен и систематски начин ја изведува тезата дека различните етнонационализми во Македонија, особено етномакедонскиот и етноалбанскиот се јавуваат како критичари на мултилкултурализмот. При тоа покажува дека етнонационалистичкиот антимултикултурализам не е автентична македонска работа туку дека тој има слична логика на дејствување и во други земји во светот. Овој текст го покажува Трајковски како информиран и теориски изграден полемичар и поборник на мултикултурализмот во Македонија.

Во книгата **Македонија во глобализацијата,** авторот учествува со прилогот Политиката на посткомунистичкото граѓанско содружништво. Во него се занимава со причините поради кои во Македонија и во други посткомунистички земји се случува стигматизација на граѓанското содружништво. Текстот е објавен и на англиски јазик, во американското издание на книгата.

Во книгата Ljudska prava za nepravnike, (ur. N. Vucinic, V. Spajic-Vrkas, S. Bjekovic, Podgorica: CLP, 2003: 231-243), кандидатот учествува со прилогот "*Naučno istrazivanje i ljudska prava*". Авторот ги третира прашањата како што се автономијата на универзитетот и слободата на научното творештво како прашања поврзани со човековите права и слободи.

Во статијата "The Place and the Role of Civic Education in the Republic of Macedonia", објавено во странското електронско списание Journal for Social Sciences in Education. авторот се занимава со прашањето за местото и улогата на граѓанското образование во Македонија. Назначени се неколку фази во развојот на граѓанското образование кај нас и се анализираат причините за конфликтниот карактер на процесот на неговото воведување во образовниот систем кај нас.

Освен овие трудови, особено внимание заслужува преведувачката активност на Трајковски. Од тие активност ги издвојуваме особено неговото

коавтор на македонскиот превод на познатиот и обемен (600 стр.) Оксфордски речник социолошки речник. Исто така, Трајковски е преведувач на популарното дело Забеган свет од современиот водечки социолог Ентони Гиденс.

## Заклучок и предлог

Прегледот и анализата на претходната и најнова наставна, научна и стручна дејност на проф. д-р Ило Трајковски покажува дека кандидатот континуирано работи и научно и стручно се изградува во неколку области на социологијата, а пред се, во теориската социологија, социолошката теорија и политичката социологија, човековите права, социологијата на граѓанственоста. Неговиот интерес за општите социолошки теми е надополнет со голем ентузијазам и знаење за спуштање на социолошките сонди во вртлозите на тековните и горливи прашања од нашето општествено живеење како што се местото и улогата на граѓанското содружништво, човековите права, граѓанското образование и воопшто политичката социјализација во демократската трансформција на нашиот политички систем.

Кандидатот своите сознанија и ставови ги прикажува јавно, отворено и аргуменитрано истакнувајќи се како интересен и почитуван учесник на повеќе домашни и меѓународни научни и стручни форуми и собири. Со обемот и квалитетот на неговиот наставен, научен и стручен опус Трајковски се издвојува како многу плоден и успешен научен работник, со изразена оригиналност и сестраност на пристапот. Таквиот пристап му овозможува и комплементарност во неговата наставно-научна дејност што е значаен атрибут за универзитетски наставник.

Врз основа изнесеното, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со особено задоволство му предлагаме, проф. д-р Ило Трајковски да го избере за редовен професор за научните области Општа социологија (современи социолошки теории, социолошки теории за заедницата и социологија на општествените движења), Социологија на политиката

(социологија на политиката, социологија на граѓанственоста и теории на ненасилството), Политички систем (Политички систем на РМ со основи на човековите права и политички институции на ЕУ) и Социјална политика (Цивилното општество и социјалната политика).

Скопје, декември 2006

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Јован Корубин

2. Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски

3. Проф. д-р Билјана Ванковска

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1074/05
11.01 2006 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 887/40 од 15. XII 2005 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата IV редовна седница, одржана на 27. XII 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на наставник

I

1. **Д-р Ило Трајковски** , вонреден професор по предметите основни поими во социологијата, политички систем на РМ со основи на човековите права, политичка социологија и современи социолошки теории на Институтот за социологија на Филозоф-скиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области и предмети: Општа социологија (современи социолошки теории, социолошки теории за заедницата и социологија на општествени-те движења), Социологија на политиката (социологија на политиката, социологија на граѓанственоста и теории на ненасилство), Политички систем (политички систем на РМ со основи на човековите права и политички институции на ЕУ) и Социјална политика (цивилно општество и социјалната политика), за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

2. Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос за времето на кое е избран-а, сметано од 28. XII 2005 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски